ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА ОПШТИНА ДЕБАР
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2023 07 03/2

Скопје, октомври 2023 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Дебар, сметка на основен буџет (637), за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Дебар, сметка на основен буџет (637), за 2011 година, во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2011 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на општината изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Дебар, сметка на основен буџет (637) за 2022 година, утврдени се следниве состојби:

- не евидентирање на недвижниот имот сопственост на општината,
- пописот на средствата и обврските не е извршен на начин предвиден во законските и подзаконските прописи;
- не евидентирање на инвестиционите вложувања на соодветните позиции на материјални средства во подготовка и материјални средства во употреба;
- слабости во пресметката и исплатата на плата и надоместоците на советниците како и начинот на ангажирање и исплата по договори на дело;
- необезбедена соодветна поткрепувачка документација за дел од евидентираните расходи кои се однесуваат на: дневници за службени патувања во земјата, потрошено гориво, репрезентација, за поправка и сервисирање на моторни возила со замена на резервни делови;
- финансирање на активности од области за кои е надлежна општината, без донесени годишни програми со предвидени средства обезбедени од буџетот на општината, без соодветно информирање на граѓаните и не утврдени прецизни критериуми во однос на изборот на проекти и одредување на висината на средства;
- системот на внатрешни контроли не е воспоставен со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на финансиските трансакции, ex-ante и ex-post контрола.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата извести за договорот за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Дебар и неговата реализација, по кој општината заклучно со 31.12.2022 година има преземено обврски во износ од 83.308 илјади денари, од кои неподмирени се 35.480 илјади денари.

Од страна на градоначалникот на Општина Дебар добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и утврдено е дека забелешката на точката 3.1.1. алинеја 3, претставува известување за преземени активности во текот на ревизијата кои соодветно се обелоденети во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, а забелешката 3..1.1. алинеја 4 претставува известување за активности што треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 6 |
| 4. | Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 12 |
| 5. | Законска основа за ревизијата и временски период | 14 |
| 6. | Опфат и ограничувања | 14 |
| 7. | Одговорност за финансиски извештаи | 14 |
| 8. | Одговорност на ревизорите | 15 |
| 9. | Недостатоци во внатрешната контрола | 16 |
| 10. | Корекции во текот на ревизијата | 18 |
| 11. | Одговор на ревидираниот субјект | 18 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | | |
| Биланс на приходи и расходи | | 19 |
| Биланс на состојба | | 20 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | | 21 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 22 |
| Сметководствени политики | | 24 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 27 |
| Прилози | | |
| Прилог 1 Забелешки по Нацрт извештај | | |
| Прилог 2 Одговор на забелешки по Нацрт извештај | | |

Број: 16-183/16
Дата: 16.10.2023

## 1. Вовед

Општина Дебар е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината. Подрачјето на општината е утврдено согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија[1] и своите надлежности ги извршува согласно Законот за локалната самоуправа[2]. Согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа општината Дебар ги опфаќа селата: Бaниште, Бомово, Гари, Горно Косоврасти, Долно Косоврасти, Коњари, Кривци, Могорче, Осој, Отишани, Рајчица, Селокуќи, Спас, Татар Елевци, Трнаниќ, Хаме и Џепиште.

Општина Дебар, согласно член 22 од Законот, ги врши работите од јавен интерес од локално значење на општината што се однесуваат на: планирање и уредување на просторот, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, образование, во согласност со закон; спорт, социјална и детска заштита, здравствена заштита, противпожарна заштита на подрачјето на Општина Дебар, надзор над вршењето на работите од надлежност на општината.

Општина Дебар, во рамките на Законот за локалната самоуправа, има право на своето подрачје да врши работи од јавен интерес од значење за општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт. Определувањето на работите, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот.

[1] „Сл. Весник на Република Македонија" бр. 55/04, 12/05, 98/08, 106/08 и 149/14
[2] „Сл. Весник на Република Македонија" бр. 5/02

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи од страна 19 до 21 на Општина Дебар, на сметката на основен буџет (637), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Дебар за 2022 година на сметката на основен буџет (637) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Дебар на ден 31 декември 2022 година на сметката на основен буџет (637), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Дебар за 2022 година, на сметката на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите, согласно ISSAI стандардите, се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Од извршениот увид во деловните книги на постојаните средства кои на ден 31.12.2022 година, се проценети во износ од 70.084 илјади денари, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- вредноста на опремата искажана во материјалната евиденција (книга на основни средства) е помала од вредноста искажана во сметководствената евиденција за 509 илјади денари;
- општината располага со возила[3], кои не се сметководствено и материјално евидентирани;
- не се преземени активности за вршење на проценка на недвижен имот (касарна и спортска сала со деловен простор), сопственост на Општина Дебар со имотен лист бр.100162 и имотен лист бр.100464 со вкупна површина 3.726 $m^2$ и негово сметководствено и материјално евидентирање;
- за градежните објекти кои со Одлука за пренесување на основачките права и обврски над постојните основни училишта на општините и општините во Град Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите[4], ОУ „Ристе Ристевски“, ОУ „Саид Најдени“ и ОУ „Братство единство“, не се преземени мерки и активности за обезбедување доказ за сопственост поради што не се евидентирани во сметководствена евиденција на општината, ниту во евиденцијата на единките корисници/училиштата. Исто така, не е постапено ниту по „Одлука за пренесување на основачките права и обврски над постојните државни средни училишта, на општините и Град Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите“[5] и не се преземени активности за обезбедување доказ за сопственост над објектите поради што истите не се евидентирани во сметководствена евиденција на општината, ниту во евиденцијата на единките корисници/училиштата.
- од страна на општината има преземено активности согласно „Одлука за пренесување на сопственичките права и обврски над постојните јавни установи за деца-детски градинки на општините и на општините на Град Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите бр.19-2487/1 од 22.07.2005 година, и има извршено упис во Агенција за катастар на недвижности на објектите, но истите со Одлука на Совет ги нема дадено на јавната установа-детска градинка на користење, што не е во согласност со член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со

---

[3] марка „Хундаи“ - регистерски таблици DB 5308 AB и „Jeep Grand Cheroke“ - DB 4019 AB
[4] „Сл. Весник на Република Македонија" бр. 51/05
[5] „Сл. Весник на Република Македонија" бр. 51/05

стварите во општинска сопственост[6].

Ваквата состојба на нецелосно евидентирање на недвижниот имот не е во согласност со член 64 од Законот за локалната самоуправа и член 12 и 22 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[7] и има за ефект нереално и необјективно прикажување на средствата во деловните книги и Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности и мерки за:
- усогласување на сметководствената и материјалната евиденција на материјалните средства;
- проценка на вредноста на објектите за кои се обезбедени документи за сопственост и нивно евидентирање во деловните книги;
- евидентирање на имотот во вонбилансна евиденција за кој не се обезбедени докази за правото на сопственост и за кој не е извршена проценка на вредноста на имотот.

3.1.2. Вкалкулираната бруто плата на вработените за месец 12/2022 година во износ од 2.407 иљади денари која се исплаќа во наредна година, не е евидентирана како обврски за плати и други обврски спрема вработените, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на не евидентирање на обврските за бруто плата е резултат на повеќегодишната пракса во сметководствената евиденција и не се обезбедува реално и објективно прикажување на обврските на општината во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината да преземе активности и мерки за евидентирање на обврските за бруто плата на вработените за месец 12 во тековната година која се исплаќа во наредна година.

3.1.3. Пописот на средствата и обврските со состојба на ден 31 декември 2022 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29-35 од

[6] „Сл.Весник на Република Македонија“ бр.78/15,106/15,153/15190/16,21/18 и Сл. Весник на Република Северна Македонија бр.101/19,275/19 и 122/21.
[7] „Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21

Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници[8], од следниве причини:

- од страна на Комисијата за попис, извршен е попис на средствата и обврските со состојба на 31 декември 2022 година, подготвен е извештај, но истиот со решение не е усвоен од градоначалникот;
- не е извршен попис на постојаните средства (градежните објекти и возила) кои се сопственост на Општина Дебар;
- не е извршен попис на средствата кои не се материјално евидентирани (возила, улици, тротоари, водовод и канализација, спортска сала, касарна), што не е во согласност со член 29 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- пописните листи за извршениот попис на материјалните средства (опремата и ситниот инвентар) не содржат податоци за описот на средството, период на вршење на пописот, вредност по попис, што не е во согласност со член 31 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- не е извршен попис на паричните средства на отворените сметки во рамки на Трезорската сметка врз основа на последниот извод за прометот и состојбата на тие средства со состојба на 31.12.2022 година, што не е во согласност со член 31-б од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- со пописот не е утврдена состојбата на залихата на екстра лесното масло за греење кое е набавено во текот на годината, што не е во согласност со член 29 став 2 со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- не е извршен попис на обврските согласно член 31-в став 1, точка 1, 2 и 5 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно комисијата за попис не го утврдила правниот основ за постоење на обврските, не потврдила дека преземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не ги утврдила причините за неплатените обврски спрема добавувачите;
- пописната комисија нема постапено согласно член 31 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно нема извршено материјално и вредносно усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со попис.

Нецелосно и неправилно извршениот попис и неприфаќање на истиот од одговорното лице, има влијание на реалноста и објективноста на искажаните средства и обврски во Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година.

[8] „Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 28/03,62/06,08/09,175/11 и 101/13

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

- спроведување на целосен попис на средствата и обврските;
- усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со попис и констатирање на евентуални кусоци/ вишоци;
- усвојување на Извештајот за попис од страна на градоначалникот.

3.1.4. Во текот на 2022 година, реализирани се капитални расходи во износ од 11.583 илјади денари, за изградба и реконструкција на инфраструктурни и друг вид објекти (шеталиште), изградба на улици, патишта и автопати, депонии за отпад, капацитети за водоснабдување и детско игралишта. Инвестиционите вложувања не се евидентирани на позицијата Материјални средства во подготовка, а по нивното завршување на соодветните позиции за Материјални средства во употреба со истовремено зголемување на Изворите на капитални средства, што не е во согласност со член од 19 до 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 5 од Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници[9]. Ваквата состојба не овозможува следење на инвестиционите вложувања во одреден објект и има за ефект нереално и необјективно прикажување на постојаните средства за тековната година.

Препорака:

Капиталните расходи по основ на изградба, реконструкција и друг вид на вложување во градежните објекти навремено да се евидентираат на позицијата Материјални средства во подготовка, а по извршениот технички прием, истите да се евидентираат на соодветните позиции за Материјални средства во употреба со истовремено зголемување на Изворите на капитални средства.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со ревизијата на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места како и пресметката и исплата на платите и надоместоците на вработените во Општина Дебар, ги констатиравме следниве состојби:

- во периодот од месец март 2022 година пресметката на платата кај административните службеници, се врши врз основа на Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во

[9] Правилник за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетите и буџетските корисници „Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 79/03, 96/04, 88/09 и 175/11

општинската администрација на Општина Дебар[10], кој не е усогласен со важечките законски одредби во делот на основната компонента на плата, односно не е утврдена минимална плата, не е усогласен бројот на бодови за делот на плата за степен на образование и дел на плата за ниво, што не е во согласност со членовите 86, 87 и 89 од Законот за административни службеници[11];

- за вработените кои немаат статус на административни службеници, односно, помошно технички лица и овластени службени лица од областа на безбедност/професионални пожарникари, констатирано е дека во услови кога општината нема склучено колективен договор на ниво на работодавач со кој треба да се утврдат коефициенти на сложеност како основа за пресметка на основната плата на вработените кои немаат статус на административни службеници и работни места по групи на сложеност, платите се пресметуваат според Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Дебар, кој не е усогласен со важечките законски одредби во делот на компонентите минимална плата, дел на плата за степен на образование и дел на плата за ниво. Во текот на 2022 година, пресметката на плата се врши врз основа на решенија за одредување на висина на плата со вкупен број на бодови за секое работно место, што не е во согласност со членовите 3 и 4 од Законот за минимална плата на Република Северна Македонија[12] и член 107 од Закон за работните односи[13].

Непостоење на колективен договор на ниво на работодавач и не преземените активности за изменување и дополнување на интерните акти и нивно усогласување со важечките законски прописи и Општиот колективен договор за јавниот сектор, не овозможува целосно уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу работодавачот и вработените. Ваквата состојба има за ефект несоодветни пресметки и исплати на плати и надоместоци на вработените кои немаат статус на државни службеници и на вработените во противпожарната единица по разни основи.

Во текот на ревизијата преземени се активности и донесен е нов Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската

---

[10] Бр.09-520/1 од 26.06.2019 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Дебар бр.04-694/1 од 11.08.2020 година

[11] „Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20,215/21 и 99/21

[12] „Сл. Весник на Република Македонија“ број 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 29/15, 132/17 и 140/18 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 239/19 и 41/22

[13] „Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21

администрација на Општина Дебар бр. 09-414/3 од 31.03.2023 година согласно важечките законски прописи и изготвени се нови решенија за одредување на плата.

3.2.2. Во текот на 2022 година, исплатени се надоместоци во износ од 2.646 илјади денари на сите членови на Советот на Општина Дебар, без целосна поткрепувачка документација за одржани седници и присуство на сите советници. Од извршениот увид во записниците за одржани седници, ревизијата констатира дека и покрај евидентираните отсуства на дел од советници исплатата на надоместоците се врши во целосен износ.

Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од дел 5А од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија[14], каде е предвидено месечниот надоместок за присуство на седниците да не се исплатува доколку Советот не одржал ниту една седница, а се намалува за 30% за секое отсуство од седница и не се исплатува доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница во тековниот месец. Спротивно на законските одредби, за надомест на советниците повеќе се исплатени 157 илјади денари.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки за лицата кои спротивно на Законот добиле надомест, средствата да ги вратат во Буџетот на општината.

3.2.3. Од средствата утврдени во буџетот на општината во рамки на тековни резерви врз основа на решенија донесени од градоначлникот, исплатени се средства во вкупен износ од 240 илјади денари по основ на парична помош за смрт на член на семејство и смрт на вработен. Исплатата на средствата во дел од предметите се врши без доставено барање за парична помош со претходно оформена и комплетна документација што не е во согласност со член 18 од Одлука за извршување на Буџет на општината за 2022 година[15]. Исто така, ваквиот вид на надоместоци согласно Одлуката треба да се исплатува од позицијата разни трансфери, но поради недостиг на средства од таа позиција, исплатата на паричната помош е од позицијата Тековни резерви. За искористените средства од буџетот на општината градоначалникот нема поднесено годишен извештај за користењето на средствата од резервите, согласно член 17 од Одлуката и

[14] „Сл. Весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 36/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/2018

[15] Бр.08-1296/5 28.12.2021 година

член 31 Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа[16] што влијае на транспарентноста и отчетноста на нивното наменското користење.

**Препорака:**

Надлежните служби во општината исплатата на надоместоците да ја вршат по претходно оформена и комплетна документација согласно Одлуката за извршување на буџет, а градоначалникот на општината до советот да поднесува годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

3.2.4. Во текот на 2022 година, Општина Дебар има направено расходи за кои нема обезбедено соодветна поткрепувачка документација (дневници за службени патувања кои траеле помалку од 12 часа, потрошено гориво без фискални сметки и налози за користење на службени возила, транспорт на луѓе и ресторански услуги за кои не се наведени видот и намената за која се однесуваат) во вкупен износ од 1.266 илјади денари.

Ваквиот начин на признавање на расходите без соодветна поткрепувачка документација не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 26 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, каде е пропишано дека внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинитe и уредни сметководствени документи, а користењето на средствата да се врши наменски и во согласност со одобрените средства во буџетот на општината. Плаќањето по некомплетна документација, претставува несоодветно трошење на буџетски средства.

Во текот на ревизијата преземени се активности и изготвен е Правилник за користење и сервисирање на возниот парк на Општина Дебар, набавка и начин на користење гориво бр. 03-511/1 од 07.04.2023 година и Правилник за користење на средства за репрезентација 03-514/1 од 01.04.2023 година со кои се регулира правото, начинот и постапката на користење на услугите.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за имплементирање на донесените интерни акти, а промените во деловните книги и финансиските извештаи да бидат врз основа на комплетни и веродостојни сметководствени документи.

[16] „Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22

3.2.5. Во текот на 2022 година, Општина Дебар врз основа на авторски договори, односно договори на дело има исплатено вкупно 425 илјади денари, кои се однесуваат на извршени консултантски услуги за архивско и канцелариско работење и дополнителни ангажмани на дел од општинската администрација. Со извршениот увид во доставената документација ревизијата ги констатира следните состојби:

- за извршување на работи и работни задачи надвор од описот и пописот на работните места, дел од општинската администрација била вклучена во собирање на податоци за даночни обврзници, проценка на недвижен имот и попис на архивски материјал врз основа на договори за дело и решенија донесени од градоначалник, за што исплатени се вкупно 292 илјади денари, без постоење на законски основ;
- врз основа на авторските договори за обезбедување на консултански услуги и одржување на обуки за унапредување на работата на Општина Дебар во дејноста на архивското и канцеларискoто работење исплатени се вкупно 133 илјади денари. Договорите се склучуваат за ангажмани кои не подразбираат креирање на авторско дело согласно дефиницијата во член 12 од Законот за авторското право и сродните права, ниту пак за вршење на активности во насока на креирање на авторско дело, туку истите упатуваат на преземање на конкретизирани и повторливи дејствија;
- за изборот на овие лица не постојат пишани критериуми како во поглед на потребата од нивно ангажирање, така и во поглед на стручните квалификации и компетенции кои би требало да ги поседуваат, не постојат критериуми во утврдување на висината на надоместоците за извршената работа.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со Законот за административни службеници и член 252 од Законот за работните односи, согласно кој работодавачот може да склучи договор поради вршење на работи кои се надвор од дејноста на работодавачот, а кои имаат за предмет самостојна изработка или поправка на определени предмети, самостојно извршување на определена физичка или интелектуална работа и член 619 од Законот за облигационите односи[17], што доведува до незаконски исплати на средства на дел од администрацијата, субјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лицата и предизвикува можност од нерационално и неекономично користење на буџетските средства.

[17] „Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09 и 161/09 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за пропишување на политики за потребата од ангажирање на лица врз основа на договор на дело, утврдување на критериуми за определување на висината на надоместокот и спроведување на соодветна постапка за јавна набавка доколку постои реална потреба од обезбедување на консултантски услуги.

3.2.6. Во текот на 2022 година од позицијата Трансфери до невладини организации, реализирани и исплатени се средства во вкупен износ од 2.300 илјади денари на здруженија и граѓански организации за реализирање на активности предвидени во годишните програми на здруженијата. Од извршениот увид во начинот и постапката за доделување на средства, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Општина Дебар за реализација на активности од области во нејзина надлежност нема донесено годишни програми и нема предвидено активности кои ќе се финансираат од Буџетот на општината за 2022 година;
- доделувањето на финансиски средства на здруженија и граѓани се врши врз основа на донесен акт од страна на градоначалникот, а по претходно поднесено барање од страна на здружение и граѓански организации. Висината на доделените средства се движи од 6 до 336 илјади денари, без да има писмено одобрение од страна на одговорниот сметководител дека расходот е одобрен во буџетот и дека се обезбедени потребните средства, што не е во согласност со член 30 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа;
- советот на Општина Дебар нема донесено акт со кој поблиску ќе се уредат условите и начинот на распределба и користење на средствата од буџетот на општината како и прецизни критериуми за оценка на програмата/проектот, што не е во согласност со член 49 став 2 од Законот за здруженија и фондации[18];
- не е објавен јавен повик или објава на веб страната на општината за доделување на финансиска поддршка од буџетот на општината, а општината на својата веб страна не ги објавила субјектите кои добиле средства од буџетот, како и целите за кои ги добиле тие средства и тоа: за спортски клубови во износ од 1.413 илјади, за поддршка на културни манифестации и проекти од значење за општината во износ од 887 илјади денари, што не е во согласност со член 49 став 4 од Законот за здруженија и фондации.

[18] „Сл. Весник на Република Македонија" бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр. 239/22

Финансирањето на активностите од областите за кои е надлежна општината, без донесени годишни програми за активности на општината во соодветните области со предвидени средства обезбедени од буџетот на општината, без соодветно информирање на граѓаните и не утврдени прецизни критериуми во однос на изборот на проекти и одредување на висината на средства, не обезбедува подеднакви услови за сите заинтересирани страни и создава ризик од субјективизам при изборот, а не доставените извештаи придонесуваат за намалување на транспарентноста за наменското и законско користење на исплатените буџетски средства.

Во месец декември Советот на Општина Дебар има донесено Програма за активностите на општината од областа на културата и нивното финансирање за 2023 година и Програма за активностите на Општина Дебар во областа на спортот во 2023 година.

Во текот на ревизијата во месец 05 објавен е јавен повик за доделување на финансиски средства на спортски клубови и граѓански организации од областа на културата.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за донесување на акт со кој поблиску ќе се уредат условите и начинот на распределба и користење на средствата од буџетот на општината со прецизни критериуми за оценка на проектите и доделувањето на финансиски средства да се врши согласно методологија за распределба на средствата.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Во текот на 2012 година спроведена е постапка и склучен е Договор за јавно приватно партнерство[19] за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Дебар со вкупна вредност од 88.800 илјади денари и времетраење на договорот за јавно приватно партнерство од 12 години. Од извршениот увид во документацијата поврзана со постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- по завршување на постапката од страна на градоначалникот донесена е одлука за избор на најповолен понудувач, што не е во согласност со член 21-а од Законот за концесии и јавно приватно партнерство[20], каде е предвидено дека Одлука за избор на најповолна понуда донесува советот на општината;
- за изведените капитални инвестиции во вредност од 88.800 илјади

[19] Договор за јавно приватно партнерство бр.08-21/8 од 09.012013 година.

[20] „Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/19, 261/19 и 89/22

денари во договорот за јавно приватно партнерство не е предвидено водење на градежен дневник и градежна книга за евидентирање на градежните активности кој приватниот партнер се обврзал да ја вгради во уличното осветлување на Општина Дебар, што не е во согласност со член 29 став 1 од Законот за градење[21];

- по целосното инсталирање на уличните светлечки тела не е извршен комплетен технички прием од страна на овластен надзор, што не е во согласност со член 5 став 2 од договорот;
- на ден 01.04.2013 година извршено е финално примопредавање на целото реконструирано и модернизирано јавно осветлување од страна на комисија формирана од градоначалникот, што не е во согласност со член 22 од договорот, каде е предвидено дека по престанокот на важење на договорот за јавно приватно партнарство односно 09.01.2025 година приватниот партнер е должен сите предмети, објекти, инсталации да му ги предаде на јавниот пратнер;
- заклучно со 31.12.2022 година Општина Дебар по основ на овој договор има преземено обврски во износ од 83.308 илјади денари, од кои неподмирени се 35.480 илјади денари.

Неизвршените контролни активности над изведените работи од страна на овластен надзор, како и непочитувањето на одредбите од член 29 став 1 од Законот за градење, за водење градежен дневник и градежна книга при изведувањето на градежните работи, укажува на неправилно и неажурно внесување на записите во градежниот дневник и градежната книга во текот на извршувањето на градежните работи како основа за изготвување на времената ситуација и да дадат уверување во веродостојноста и квалитетот на градбата, согласно проектите и стандардите за градење.

Ваквата состојба на доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство не е во согласност со законските одредби и има за ефект не почитување на начелата на еднаквост, транспарентност, недискриминација, пропорционалност, меѓусебно признавање, заштита на животната средина и ефикасност во постапката за склучување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, како и квалитетно и ефикасно вршење на работите и услугите од склучениот договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

[21] „Сл. Весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 13.03.2023 до 30.06.2023 година кај Општина Дебар на сметката на основен буџет (637) од тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Дебар, сметка на основен буџет (637), за 2011 година, во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2011 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на општината изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во поглед на делокругот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на градоначалникот на Општина Дебар, застапувано од:

- Хекуран Дука, градоначалник на Општина Дебар од 31.01.2019 година

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на општината, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката

на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјкетот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 9. Недостатоци во внатрешна контрола

9.1. При оценка на системот на внатрешни контроли, а со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[22] и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор[23] ревизијата го констатира следното:

- градоначалникот на Општина Дебар во текот на 2013 година има донесено процедури за канцелариско и архивско работење во општинската администрација на Општина Дебар и постапка за движење на документите кои не го опфаќаат процесот на материјалното и финансиското работење, односно недостасува дел од текот на движење на документацијата за секој вид на плаќање и наплата на приходи, распределба на должностите и одговорностите за лицата вклучени во процесот, системот за следење и контрола на сметководствената документација што подразбира прием на фактури, книга на влезни фактури, книга на излезни фактури, барање за плаќање со кое се потврдува основот за исплата, комплетирање на сметководствената документација, контрола, подготовка на документација за плаќање и

[22] „Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 90/09, 188/13, 192/15 и 147/17
[23] „Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 147/10

нејзино одобрување што не е во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и стандард 12 за внатрешна контрола во јавниот сектор

- при набавка на инвестициони работи ревизијата констатира дека секторот за урбанизам, животна средина, локален економски развој, комунални дејности и сообраќај и патишта, не врши квантитативна, квалитативна и финансиска контрола на извршените работи и не обезбедува доволно ниво на ефикасност и сигурност за да се спречи ризик од неосновани плаќања по основ на одобрена финансиска документација. Имено, одговорното лице ги одобрува градежните ситуации врз основа на потврда од надзорот за извршени работи, без да се изврши контрола дали состојбите во градежната книга и градежниот дневник соодветствуваат со оние во времените и завршни ситуации, што создава ризик за ненаменско и незаконско користење на буџетски средства на општината;
- не е воспоставена ex-ante и ex-post контрола, која треба да обезбеди финансиските трансакции, расходи или приходи да бидат проверени, пред и откако трансакцијата е целосно завршена со цел намалување на ризикот од несакани последици и подобрување на процедурите, што не е во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- дел од евидентираните документи не се архивски заведени и недостасува деловоден број, фактурите по кои се врши исплата не се контролирани/ликвидирани од соодветно лице за да се потврди веродостојноста, комплетноста и точноста на истите.

Отсуството на внатрешни контроли создава ризик финансиските трансакции да не се извршени согласно законските прописи и да не се темелат на соодветна сметководствена документација за обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за:

- изработка и донесување на процедура за материјално и финансиско работење во кои ќе бидат опфатени: текот на движење на документацијата за секој вид на плаќање и наплата на приходите,
- при одобрување на градежните ситуации да врши квантитативна, квалитативна и финансиска контрола,
- обезбедување систем на ex-ante и ex-post финансиска контрола,
- евидентирање на влезната и исплатната документација.

## 10. Корекции во текот на ревизијата

10.1. Во текот на ревизијата од надлежните на општината прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, односно во сметководствената евиденција извршени се корекции на сметката Материјални средства и Извори на капитални средства и Краткорочни обврски спрема добавувачи и Активни временски разграничувања, поради не евидентирани градежни објекти и опрема сопственост на општината и обврски за набавка на опрема на лизинг.

Вкупниот ефект од извршените корекции се зголемување на активата и пасивата за 64.436 илјади денари.

Корекцијата е спроведена во налог бр.01 од 01.01.2023 година, налог бр.02 од 31.05.2023 година и бр.01 од 02.01.2023 година.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Општина Дебар, одржан на ден 16.06.2023 година, за истите дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на градоначалникот на Општина Дебар добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и утврдено е дека забелешката на точката 3.1.1. алинеја 3, претставува известување за преземени активности во текот на ревизијата кои соодветно се обелоденети во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, а забелешката 3..1.1. алинеја 4 претставува известување за активности што треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 80.956 | 115.878 |
| **Вкупно приходи** | | **80.956** | **115.878** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 38.649 | 31.617 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 240 | 245 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 21.994 | 23.899 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 2 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 5.342 | 6.551 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **66.227** | **62.312** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 14.729 | 53.566 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **14.729** | **53.566** |
| **Вкупно расходи** | | **80.956** | **115.878** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2022 година**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 79.062 | 55.906 |
| **Вкупно тековни средства** | | **79.062** | **55.906** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 134.121 | 70.750 |
| **Вкупно постојани средства** | | **134.121** | **70.750** |
| **Вкупна актива** | | **213.183** | **126.656** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 79.062 | 55.906 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **79.062** | **55.906** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 134.121 | 70.750 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **134.121** | **70.750** |
| **Вкупна пасива** | | **213.183** | **126.656** |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА**

во 000 ден.

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| | | |
| **Состојба 01.01.2022 година** | **70.750** | **70.750** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **64.837** | **64.837** |
| Набавки | 64.837 | **64.837** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **1.466** | **1.466** |
| Отпис на капитални средства | | - |
| Амортизација | 1.466 | **1.466** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2022 година** | **134.121** | **134.121** |

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ОПШТИНА ДЕБАР
ГРАДОНАЧАЛНИК

NJËSIA E VETADMINISTRIMIT LOKAL
KOMUNA DIBËR
KRYETAR

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА ДЕБАР - KOMUNA DIBËR
ГРАДОНАЧАЛНИК - KRYETARI
Бр./Nr. 05 - 150/9
21.09 2023 год./vitl.
ДЕБАР - DIBËR

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: / Pranuar më: 25.09.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број: / Nr. | Прилог: / Shtojcë: | Вредн. / Vlerë |
| | 16-183/14 | | |

## До:Државен завод за ревизија

## Tek: Enti i Kontrollit Shtetëror

### Предмет:Забелешки по нацрт извештај за 2022 година.

### Lënda: Vërejtje për raportin draft për vitin 2022

Во врска со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата во согласност со Општина Дебар од страна на Државен завод за ревизија, Градоначалникот на Општина Дебар гледајќи ја државната ревизија како многу важна, изразувам благодарност за соработката и вашата професионалност и верувам дека овие препораки ќе влијаат за подобрување на ефикасноста како и врз подобрувањето на услугите што општина Дебар ги нуди на граѓаните.
Вашите препораки доставени во Нацрт извештаи се прифатени и Градоначалникот во соработка со администрацијата во Општина Дебар има преземено интензивни активности и мерки за имплементација во најкраток можен период сите издадени препораки од страна на Овластениот државен ревизор .
Исто така за некој препораки се преземени мерки и се имплементирани и во текот на ревизијата кој се наведени во сметка на основен буџет (637) во точките 3.2.1,3.2.4,3.2.6 и во смета за основен буџет(630) во точката 3.2.5.

Во врска со досатвениот Нацрт извештај од Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласност во Општина Дебар за 2022 година и тоа на сметката за основен буџет(630),сметката на основен буџет (637), сметката на приходи на буџет на дотаци(930), и сметката на расходи на буџет на дотации

Sa i përket auditimit të pasqyrave financiare dhe auditimit në përputhje me Komunën e Dibrës nga Enti Shtetëror i Auditimit, Kryetari i Komunës së Dibrës duke e parë auditimin shtetëror si shumë të rëndësishëm, shpreh mirënjohjen time për bashkëpunimin dhe profesionalizmin tuaj dhe unë besoj se këto rekomandime do të ndikojnë në përmirësimin e efikasitetit si dhe në përmirësimin e shërbimeve që komuna e Dibrës ofron për qytetarët.

Rekomandimet tuaja të dorëzuara në draft raportin janë pranuar dhe Kryetari i Komunës në bashkëpunim me administratën në Komunën e Dibrës kanë ndërmarrë aktivitete dhe masa intensive për të zbatuar në një periudhë sa më të shkurtër të gjitha rekomandimet e nxjerra nga Auditori i Autorizuar Shtetëror.
Gjithashtu, për disa rekomandime janë marrë masa dhe zbatuar gjatë auditimit të cilat renditen në llogarinë e buxhetit bazë (637) në pikat 3.2.1, 3.2.4, 3.2.6 dhe në llogarinë e buxhetit bazë. (630) në pikë; 3.2.5.

Në lidhje me raportin e dorëzuar draft nga Auditori i Autorizuar Shtetëror për auditimin e pasqyrave financiare dhe auditimin e përputhshmërisë në Komunën e Dibrës për vitin 2022, përkatësisht llogarinë për buxhetin bazë (630), llogarinë e buxhetit bazë (637 ), llogarinë e të ardhurave të buxhetit të subvencioneve (930), dhe llogarinë e shpenzimeve buxhetore të subvencioneve (937), Komuna Dibër bën vërejtjet

Единица за локална самоуправа
Општина Дебар
Njësia për Vetëadministrim Lokal
Komuna Dibër
Ул. „8-ми Септември", бр.72 Дебар
Република Северна Македонија
Rr."8-të Shtatori" nr.72 Debar
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel. 046/831-196
Fax 046/831-015

(937), Општина Деабар ги дава следните забелешки кој се во сметката на основен буџет (637), постапуваќи по препорка  во точка 3.1,3.1.1 параграф два и три.

e mëposhtme të cilat janë në llogarinë bazë të buxhetit (637), duke vepruar sipas rekomandimit në pikën. 3.1, 3.1.1 paragrafi dy dhe tre dhe pika 5.4.

Me respekt,
Градоначалникот
Kryetari
Хекуран Дука


Единица за локална самоуправа
Општина Дебар
Njesia për Vetëadministrim Lokal
Komuna Dibër

Ул. „8-ми Септември“ бр.72 Дебар
Република Северна Македонија
Rr."8-të Shtatori" nr.72 Debar
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel. 046/831-196
Fax 046/831-015

Поведувајќи се од Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Општина Дебар , Сметка на основен буџет (637) од дт. август 2023 година постапувајќи по ПРЕПОРАКА по точка 3.1 , 3.1.1. параграф три и четири ве известуваме дека :

- По параграф три од наша страна во текот на ревизијата се презедени активности за вршење на проценка на недвижниот имот ( касарна и спортска сала со деловен простор ), сопственост на Општина Дебар со Имотен лист бр. 100162 и Имотен лист бр. 100464 со вкупна површина од 3.726м$^2$ и негово сметководствено и материјално евидентирање ,

- Во врска со Препораката за евидентирање на имот во вонбилансна евиденција за кој не се обезбедени докази за правото на сопственост и за кој не е извршена проценка на вредноста на имотот ве информираме дека од страна на Градоначалникот се преземени конкретни чекори и тоа е назначен службеник за евидентирање на целокупниот недвижен имот на Општина Дебар и последователно се врши проценка на вредноста на имотот .

Durim Fetahu

Digitally signed by Durim Fetahu
DN: cn=Durim Fetahu gn=Durim c=MK o=Opstina Debar ou=VAT - 4008004103616
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023-09-21 10:29+02:00

## Налог бр. 0002 од датум 31.05.2023

**Година:** 2023

**Тип на сметка:** Орган на Општина

**Вид на налог:** 02 - Основни средства

| Став ка | Конто | Датум на ставка | Опис | Должи | Побарува | ДОКУМЕНТ вид | број | датум |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 02100 | 31.05.2023 | СПОРРТСК САЛА ЕА // 1 ОПСТИНА ДЕБАР // | 45.920.090,00 | | Извод | 5229/ | 01.01.2023 |
| 2 | 9000 | 31.05.2023 | СПОРРТСК САЛА ЕА // // | | 45.920.090,00 | Извод | 5229/ | 01.01.2023 |
| 3 | 02101 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | 3.179.956.00 | | Извод | 9208-2 | 01.01.2023 |
| 4 | 9000 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | | 3.179.956.00 | Извод | 9208-2 | 01.01.2023 |
| 5 | 02101 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | 1.508.171.00 | | Извод | 9208-10 | 01.01.2023 |
| 6 | 9000 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | | 1.508.171,00 | Извод | 9208-10 | 01.01.2023 |
| 7 | 02101 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | 1.508.171.00 | | Извод | 9208-11 | 01.01.2023 |
| 8 | 9000 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | | 1.508.171,00 | Извод | 9208-11 | 01.01.2023 |
| 9 | 02101 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | 1.443.491,00 | | Извод | 9208-12 | 01.01.2023 |
| 10 | 9000 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | | 1.443.491,00 | Извод | 9208-12 | 01.01.2023 |
| 11 | 02101 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | 1.508.171,00 | | Извод | 9208-12 | 01.01.2023 |
| 12 | 9000 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | | 1.508.171,00 | Извод | 9208-13 | 01.01.2023 |
| 13 | 02101 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | 1.168.221,00 | | Извод | 9208-14 | 01.01.2023 |
| 14 | 9000 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | | 1.168.221,00 | Извод | 9208-14 | 01.01.2023 |
| 15 | 02101 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | 1.069.392,00 | | Извод | 9208-15 | 01.01.2023 |
| 16 | 9000 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | | 1.069.392,00 | Извод | 9208-15 | 01.01.2023 |
| 17 | 02101 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | 630.000,00 | | Извод | 9208-18 | 01.01.2023 |
| 18 | 9000 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | | 630.000,00 | Извод | 9208-18 | 01.01.2023 |
| 19 | 02101 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | 2.200.488,00 | | Извод | 9208-4 | 01.01.2023 |
| 20 | 9000 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | | 2.200.488,00 | Извод | 9208-4 | 01.01.2023 |
| 21 | 02101 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | 1.508.171,00 | | Извод | 9208-8 | 01.01.2023 |
| 22 | 9000 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | | 1.508.171,00 | Извод | 9208-8 | 01.01.2023 |
| 23 | 02101 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | 1.508.171,00 | | Извод | 9208-9 | 01.01.2023 |
| 24 | 9000 | 31.05.2023 | КАСАРНА ЕА // // | | 1.508.171,00 | Извод | 9208-9 | 01.01.2023 |
| | | | **ВКУПНО** | **63.152.493,00** | **63.152.493,00** | | | |
| | | | **САЛДО** | **0,00** | **0,00** | | | |

# СПИСОК/LISTË

На проценети имоти (спортска сала , магацини , гаражи ) вкупно 12

Të pronave të vlerësuara ( sallë sportive,magacina,garazha) gjithësejt 12

| бр. .re. | Имотен лист Flet pronësi | Место викано Vendi i quajtur | КП број PK numër | Бр.на објектот Numër objektit | Површина Sipërfaqa | Проценка Еуро Vlerësimi Euro | Проценка ден. Vlerësimi den. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 6219 | град | 5229/2 | 66 | 1089 | 746.742 | 45.920.090,00 |
| 2. | 100163 | касарна | 9208 | 2 | 462 | 51.711 | 3.179.956,00 |
| 3. | 100162 | „ | 9208 | 10 | 135 | 24.525 | 1.508.171,00 |
| 4. | 100162 | „ | 9208 | 11 | 135 | 24.525 | 1.508.171,00 |
| 5. | 100162 | „ | 9208 | 12 | 129 | 23.473 | 1.443.491,00 |
| 6. | 100162 | „ | 9208 | 13 | 135 | 24.525 | 1.508.171,00 |
| 7. | 100162 | „ | 9208 | 14 | 104 | 18.997 | 1.168.221,00 |
| 8. | 100162 | „ | 9208 | 15 | 95 | 17.390 | 1.069.392,00 |
| 9. | 100162 | „ | 9208 | 18 | 55 | 10.246 | 630.096,00 |
| 10. | 100162 | „ | 9208 | 4 | 198 | 35.783 | 2.200.488,00 |
| 11. | 100162 | „ | 9208 | 8 | 135 | 24.525 | 1.508.171,00 |
| 12. | 100162 | „ | 9208 | 9 | 135 | 24.525 | 1.508.171,00 |

9.05.2023 год./viti

Процениле /Vlerësuan

Durim Fetahu , Astrit Kërçishta

Прилог 2

# Одговор
# на забелешки/известувања на
# Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

Добиени се забелешки број 05 - 150/9 од 21.09.2023 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Општина Дебар на сметка на основен буџет (637), од страна на законскиот застапник д-р. Хекуран Дука, градоначалник, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16 – 183/14 од 25.09.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.1.1** алинеја 3 која се однесува на не преземени активности за вршење на проценка на недвижен имот сопственост на Општина Дебар и негово сметководствено и материјално евидентирање, **претставува известување** за активностите што се преземени во текот на ревизијата и истите се соодветно обелоденети во точка 10 Корекции во текот на ревизијата во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Исто така, доставениот список на проценети имоти и налог за евидентирање бр.2 од 31.05.2023 година, ревизијата ги имаше земено во предвид.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.1.1** алинеја 4 која се однесува на не преземени активности за обезбедување доказ за сопственост над објектите кои со Одлука за пренесување на основачките права и обврски над постојните основни училишта на општините и општините во Град Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите[1] се доделени на Општина Дебар, и истите не се евидентирани во сметководствена евиденција на општината, ниту во евиденцијата на единките корисници/училиштата, **претставува известување** за активностите што треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Во забелешката е наведено дека од страна на градоначалникот назначено е одговорно лице задолжено за евидентирање на целокупниот недвижен имот на Општина Дебар и последователно се врши проценка на вредноста на имотот. Преземените активности не влијаат на дополнување на изнесеното во наодот.

[1] „Службен весник на Република Македонија" бр. 51/05